Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 34/0306
26.02 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.02.2026 година, врз основа на примена жалба од **Граѓанското здружение за слободно медиумско изразување Трибуна** од Прилеп, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Македонија има суверено право на европско членство“,** објавен на интернет порталот на „Нова Македонија“ (novamakedonija.com.mk) на 10.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 29.01.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „Македонија има суверено право на европско членство“, објавен на интернет порталот на Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 10.01.2026 г., при што се жали на говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „содржината на текстот не е точна, односно станува збор за шпекулација“, како и тоа дека „насловот на текстот е искористен да поттикне говор на омраза, дикскриминација по основ на национална основа врз бугарскиот народ“ , „да се влее недоверба кон ЕУ и САД“ и дека во редакцијата на „Нова Македонија“ „не го почитувале ниту го протолкувале Законот за ратификација на Договорт за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија“.
Притоа, во жалбата се додава дека „очигледна е намерата на дневниот весник „Нова Македонија“ во јавноста да шири лаги и шпекулации со цел да испровоцира раздор и нетрпеливост на меѓуетничка и меѓудржавна основа и да создаде паника меѓу народот и недоверба спрема Р.Бугарија, ЕУ и останатите партнери“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.
До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Македонија има суверено право на европско членство“ објавен на интернет порталот на Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 10.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето., при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст – пренесено интервју со поранешниот дипломат, амбасадор Ристо Никовски, во кое се зборува за односите помеѓу Македонија и Бугарија, односите со ЕУ и со САД и други прашања за надворешната политика на земјата, што значи дека темата е од јавен интерес.
Комисијата констатираше и дека текстот е соодветно објавен во рубриката Политика, иако по својата форма жалителот го означил како колумна. Притоа, медиумот јасно навел дека станува збор за ставови на соговорникот. Исказите на соговорникот се експлицитно вредносни и политички обоени. Тврдењата за „нелегалност“ на Вториот протокол, „кршење на Уставот“ или улогата на одредени меѓународни актери се дел од личната интерпретација на интервјуираниот на политичките случувања и не се претставени како редакциска констатација.

Натаму, во поглед на наводите на жалителот дека во текстот има говор на омраза (член 10 од Кодексот), неспорно е дека реториката на соговорникот е остра и конфронтирачка. Во текстот тој користи квалификации како „бугаризација“, „предавници“, „идиотизам“, што создаваат силен политички тон. Сепак, критиката е насочена кон политики, институции и конкретни политички актери, а не кон луѓе врз основа на нивната национална припадност. Нема повик на насилство, ниту повик на дискриминација или одземање правата на Бугарите како етничка заедница во земјата. Насловот на текстот е редакциска обврска на медиумот и тој единствено треба суштински да одговара на содржината на текстот, што во овој случај е испочитувано.

Во однос на почитувањето на етничките и културните различности (член 11 од Кодексот), текстот е недвосмислено национално позициониран и користи силен јазик. Но, никаде во текстот нема директно омаловажување на етничка група како таква, ниту повик на нетолеранција кон неа. Критиката е врз политичка, а не врз етничка основа.
Нема прекршување ниту во делот на мешање на факти со мислења (чл.13 од Кодексот), затоа што во интервјуто соговорникот секако дека изнесува свое мислење за одредени факти и има право да ги коментира.

Оттука, Комисијата смета дека нема повреда на ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија на кои се жали граѓанското здружение „Трибуна“(1, 5, 10, 11 и 13), ниту пак, повреда на другите членови од Кодексот. Комисијата додава дека несогласувањето со ставовите на соговорникот не е доволно за да се констатира прекршување на етичките стандарди.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595